ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

# ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР
# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 12 ФЕВРУАРИ 2021

ТОП ВЕСТИ:

- Потпишан Договорот за грант со МТСП за подобрување на социјалните услуги во Делчево
- Објавени јавните повици за финансиска поддршка на спортски здруженија и клубови и граѓански здруженија
- Регионална средба за унапредување на стручното образование
- Се чистеа дивите депонии во Делчево

## Потпишан Договорот за грант со МТСП за подобрување на социјалните услуги во Делчево



**Во Делчево ќе се реализира проектот- Клуб за социјална инклузија „Интегра“ кој ќе се спроведува во партнерство со Здружението „Бравура кооператива“ од Делчево со цел подобрување на социјалните услуги кај возрасни лица со посебни потреби во Делчево.**




Објавени јавните повици за финансиска поддршка на спортски здруженија и клубови и граѓански здруженија



Регионална средба за унапредување на стручното образование



Се чистеа дивите депонии во Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

## 50 Седница на Советот на Општина Делчево: Усвоен 4 Квартален извештај; Формирано Партиципативно тело за урбанистичко планирање во Делчево

Совет на Општина Делчево

На 50 Седница на Советот на Општина Делчево, советниците го усвоија Кварталниот извештај за 4 квартал од 2020 година. Согласно со образложението дадено од раководителот на Секторот за финансии и буџет, Шабан Багашов, извршувањето на приходите во Буџетот на Општина Делчево за четвртиот квартал од 2020 година, изнесува 87,5%, односно од вкупно планираните 302,113,900 ден. приходи за четвртот квартал се реализирани 265,429,977 денари. Од нив, во Основниот буџет, од планирани 78.677.000 денари се реализирани 72.073.000 ден. или 91,60%. Во Буџетот на дотации од планирани 173,505,900 денри приходи реализирани се 160,025,395 или 92%, во Буџетот на донации од планирани 6,927,000 реализирани се 5,767,188 ден. или 83,4% и во Буџетот на самофинансирачки активности од планирани 16,367,000 реализирани се 6,475,074 денари, или 33,4 %. Анализата на Основниот буџет покажува дека даночните приходи се наплатени во износ од 35,152,002 ден. од вкупно планирани 34,342,000 ден. или 102%, најголема наплата е наплатата од даноци на имот и тоа во износ од 13461,324, од даноци од специфични услуги во износ од 18,224,493. Неданочните приходи се наплатени во износ од 1,730,963 ден. од вкупно планирани 2,035,000 ден. (85 %) и тоа се приходи од административни такси и надоместоци.

Капиталните приходи се наплатени во износ од 4,472,287 ден. од вкупно планирани 4,105,000 ден. или 108 %. Трансферите од донации се реализирани во износ од 198.019.936 денари од вкупно планираните 223.627.900 или 88,5 % и тука спаѓаат средствата добиени по основ на дотации на општината од приходи од ДДВ.

Вкупните расходи се планирани во износ од 302,113,900 ден. Од нив се реализирани 263,140,000 ден. или 87 %. Расходите во Основниот буџет од вкупно планирани расходи во висина 78,677,000 ден. се реализирани 72,073,000 ден.или 91,6%. Капиталните расходи се реализирани во износ од 27,360,359. од планираните 31,065,000 и најголем дел од нив се исплатени за реконструкција на улици и патишта, изградба на капела, за изготвување проекти за изградба или реконструкција на улици и патишта и надомест за одземен имот.

На Седницата, советниците го формираа и Партиципативното тело за урбанистичко планирање заради обезбедување инклузивност, партиципативост и јавност, како и за обезбедување поголема вклученост, учество и придонесување на граѓаните во процесот на урбанистичкото планирање. Партиципативното тело на Општина Делчево е составено од сите членови на Комисијата за урбанизам во Општина Делчево, стручни лица вработени во Општина Делчево што го изработуваат урбанистичкиот план кој е предмет на расправа, како и Ангелчо Ивановски, вработен во ГЕО ИНГ ДОО, Гоце Попов од ДПТУ ГП АРХИТЕКТИ ДОЕ, Родне Деолска од Регионалниот центар за застапување, Горан Димитровски од ООУ „Св.Климент Охридски“, Горан Велков од ООУ „Ванчо Прке“, Роза Стоименовска од СОУ „М.М.Брицо“, Стојче Стојковски од ЈКП „Брегалница“ и Стојан Стојчевски.

Членовите на Партиципативното тело се именуваат за период од 4 години, а ова тело има право да присуствува и да учествува во расправа на сите седници на Советот на кои ќе се расправа за утврдување нацрт урбанистички планови, донесување урбанистички планови, донесување годишни програми за урбанистичко планирање на територијата на и сл.Општина Делчево. Советниците го усвоија и Деловникот за работа на Партиципативното тело на Општина Делчево.

Покрај другите точки на Дневниот ред, советниците ја донесоа и Одлуката за резервирање средства за експропријација во Буџетот на Општина Делчево за 2021 г. во износ од 2.000.000 денари.

На Седницата се донесе и Одлука за ослободување од плаќање закупнина и се отпишаа побарувањата на лицата кои имаат потпишано Договор со Општина Делчево за закуп со Општина Делчево за објектот „Воено купатило“, на закупците Сејдо Зекиров и Ферди Ибраимов. Со Одлуката се отпишаа побарувања во износ од 58.918 ден и 44.000 денари. Според образложението, оваа Одлука се носи поради тешката финансиска состојба на семејствата.

Советниците одобрија и парична помош по барање на Црвен Крст на РСМ- Општинската Организација Делчево во износ од 30.000 денари, средства кои ќе бидат наменети за набавка на нов инвентар потребен за вршење обука за прва помош за работни организации и возачи на територијата на Општина Делчево.

# Потпишан Договорот за грант со МТСП за подобрување на социјалните услуги во Делчево

Актуелности



Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, со министерката за труд и социјална политика, Јагода Шахпаска, го потпиша Договорот за грант за развој на социјалните услуги. Конкретно во Делчево ќе се реализира проектот- Клуб за социјална инклузија „Интегра“ кој ќе се спроведува во партнерство со Здружението „Бравура кооператива“ од Делчево со цел подобрување на социјалните услуги кај возрасни лица со посебни потреби во Делчево.

Градоначалникот Трајковски истакна дека проектот нуди организирана форма на услуга за рехабилитација, професионална ориентација и социјализација, во рамките на Дневниот центар за лица со посебни потреби во Делчево.

-Причините за потребата од проектот Клуб за социјална инклузија „Интегра“ е отсуството на институционални и други алтернативни форми на услуги за возрасни лица со посебни потреби во Општина Делчево. Проектот е базиран на приоритетите од Акцискиот план за социјална заштита на Општина Делчево во делот за маргинализирани групи. Проектот Клуб за социјална инклузија „Интегра“ е дизајниран за имплементација на 6 програми за лица со посебни потреби и тоа: Програма за работна окупација; Програма за усвојување на знаења и вештини за работа на компјутер; Програма за животни вештини и самостојно живеење; Програма за поддршка во домашни услови; Програма за културен развој и социјална интеракција; Програма за спорт и физички развој, истакна Трајковски.

Проектот ќе се спроведува за период од 18 месеци, а вкупната вредност на проектот е 2,6 милиони денари од кои 2, 3 се од МТСП, останатите се учество од организацијата.

Освен Делчево, уште 24 општини добија грантови за унапредување на социјалните услуги.

-Целта е согласно социјалната реформа услугите да ги доближиме до граѓаните таму каде што живеаат во нивните домови, нивната средина, во општините, во руралните средини. МТСП високо на својата агенда ја има грижата за сите граѓани во државата, пред сè, за ранливите категории граѓани. Со носењето на Законот за спречување и заштита од дискриминација, сакаме овие граѓани вистински да го добијат местото што им припаѓа во нашата држава, рече Шахпаска.

Со потпишувањето на овие договори, општините имаат обврска во рок од пет месеци преку општинските координатори, обука и едукација на даватели на услуги да овозможат од 1 април да почнат граѓаните да ги добиваат овие услуги во домовите на стари и изнемоштени лица, во домовите за лица со попреченост, како и во дневните центри.

Во првата година средствата за услугите ќе се исплаќаат од грантот за кој и се потпишуваат договорите, а потоа, како што појасни Шахпаска, Министерството за труд и социјална политика ќе го преземе финансирањето на овие услуги.

Актуелности

# Регионална средба за унапредување на стручното образование




Од анкетирани 450 компании, 85 % искажале подготвеност да соработуваат со средните стручни училишта и да примаат ученици на практична настава- покажала анализата на Министерството за образование и наука кое активно работи на унапредување на средното стручно образование. Ова беше истакнато на сесијата во Берово која се одржа под мотото „Учи паметно, работи стручно”, на која присуствуваа министерката за образование и наука, Мила Царовска, компании од регионот, претставници од стопанските комори, средните стручни училишта од Берово, Пехчево, Делчево и М.Каменица, како и градоначалниците од овие општини.

Со директорите на средните стручни училишта и претставниците на реалниот сектор и на градоначалниците од регионот се разговара за образовните профили кои треба да се отворат во учебната 2021/2022 година, истакна министерката за образование и наука, Мила Царовска во Берово.

„Со јакнење на соработката и довербата помеѓу стручните училишта и реалниот сектор можеме заеднички да создадеме квалитетно средно стручно образование. Во светот овој модел на дуално средно стручно образование дава добри ефекти. И нашите компании треба похрабро да влезат во обуките за потребни вештини на учениците. Дебатите се одвиваат успешно, во голем број општини е договорено отворање на 2-3 дуални паралелки. Модуларното средно стручно дава можност за комбинирање во една паралелка на неколку профили”, нагласи Царовска.

Градоначалникот на Делчево, Горан Трајковски, истакна дека последните години стручните насоки во делчевската гимназија се соочуваат со големи предизвици: да се организира настава во паралелки со едноцифрен број ученици.

-Слабиот интерес кај учениците за стручните насоки, изнаоѓањето решенија за да се смени оваа слика, често е тема за нас одговорните луѓе во општините, во советите, во самите училишта, па во таа насока иницијативата и напорите што ги презема клучното Министерство, за унапредувањето на средното стручно образование, со цел да се оствари примарната цел во креирање квалификуван и стручен кадар кој ќе одговара на потребите на пазарот на труд што е пресудна алка во нашето стручно образование, се далеку од потребни и очекувам овој процес да донесе промени во целата слика. Нам ни требаат кадри кои ќе бидат потребни на пазарот на трудот, но и кадри кои ќе бидат подготвени да се вклучат во производствениот процес, ќе бидат барани од фирмите. Очекувам проактивен однос по ова прашање и од фирмите и заедно да издејствуваме промени во стручното образование, потенцираше Трајковски.

Во делчевската гимназија во двете стручни насоки, текстилна и прехранбена, во 4-те години од средното образование учат 50 ученици кои изведуваат феријална практична настава во делчевски компании.

Дијалогот кој се одвива под мотото „Учи паметно работи стручно“, се реализира низ целата држава, а целиот процес е поддржан и е во соработка со Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија.

Актуелности

# Се чистеа дивите депонии во Делчево




Екипи на ЈКП „Брегалница" изминатиов период работеа на чистење на дивите депонии создадени на повеќе локации во градот и населените места. Изминатиов период, со механизација и рачно, се чистеа дивите депониии во населбата СРЦ покрај градскиот стадион, депонијата на месноста Умин Дол во селото Стамер, кај река Желевица во с. Тработивиште, Црквенска Река, депонијата над Ѕвегорска Река, депонијата кај одводниот канал во с. Габрово, одводен канал во с. Вирче, депонијата на градежен шут Ралова Чука, депонијата над населбата Милково Брдо.
Акцијата е во согласност со Годишната програмата на ЈПКД „Брегалница" за чистење диви депонии, а од ЈКП „Брегалница" најавуваат продолжување на акцијата за чистење на дивите депонии, водотеци, речни корита и канали и во другите населени места во Општината.
Од ЈКП „Брегалница" уште еднаш апелираат за поголема свест за животната средина, да не се создаваат диви депонии кои ја нагрдуваат средината и се потенцијална опасност по здравјето на жителите.

# Ставено во функција новото возило за собирање смет во ЈКП „Брегалница"



Општина Делчево преку проектот „Набавка на опрема за собирање и транспорт на отпад во Источен и Североисточен плански регион" доби возило за собирање отпад. Возилото е со капацитет од 4м3. Исто така, во рамките на овој проект финансиран со средства од ИПА-програмата за регионален развој на Европската Унија, Општина Делчево ќе добие и 169 контејнери. Со ова современо возило се решава горлив проблем со механизацијата за собирање отпад во ЈКП„Брегалница", кое сега располага со 4 возила, со што се создадоа услови за реонско собирање на отпадот. Така, во текот на месец февруари е изменет и редоследот за собирање отпад по населбите во Делчево. Со цел поефикасно собирање на отпадот од домаќинствата, ќе се работи секој ден во посебна населба во која ќе бидат опфатени сите улици од населбата.
Согласно со распоредот на ЈКП „Брегалница" во понеделник ќе се собира отпад од населбата Милково Брдо, Басарица, Полето; вторник Ново Делчево, Ѕвегорска Река и Центар; во среда Стрелиште, Стар Монопол, 1 Реон, 2 Реон и ул. „Маршал Тито"; во четврток 3 Реон и Кеј на Брегалница; во петок ќе се собира отпад од селата и населба Стар Расадник.

Актуелности

# Објавени јавните повици за финансиска помош на спортските и граѓанските здруженија




Општина Делчево во текот на месец февруари ги објави двата јавни повици за доделување финансиска помош во двете категории: спорт и граѓански сектор.

Годинава во Буџетот на Општина Делчево за оваа намена се предвидени вкупно 1,2 милиони денари кои ќе бидат трансферирани до спортските здруженија,клубови и сл, но и до граѓанските кои функционираат на територијата на Општина Делчево. Од овие средства 800.000 денари се наменети за спортските здруженија, клубови, правни лица, додека 400.000 денари ќе се распределат на граѓанските здруженија.

Согласно со Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот и здруженија на граѓани (Сл.гласник на Општина Делчево бр.2/2018) право на учество на повикот имаа сите граѓански здруженија кои се регистрирани на подрачјето на Општина Делчево, а приоритетни области и цели за финансирање проектни и програмски активности се: локалниот економски развој; техниката; образованието; културата; уметноста; социјалната заштита; заштитата на животната средина. Предност ќе имаат настани кои се спроведуваат на територијата на Општина Делчево, а право на учество имаат сите здруженија на граѓани кои се регистрирани во согласност со Законот за здруженија и фондации, најмалку 2 години пред објавувањето на повикот и да дејствуваат на територијата на Општина Делчево.

Исто така, право на учество имаат сите спортски клубови и спортски здруженија кои ги исполнуваат условите: да се регистрирани во согласност со закон, односно да поседуваат решение за регистрација; да дејствуваат на територија на Општина Делчево; спортските клубови во рамките на основните училишта и средното училиште на територија на Општина Делчево, како и правни лица кои ќе организираат спортски манифестации на територијата на Општина Делчево, а кои придонесуваат за развојот на спортот на локално ниво.

Пријавата заедно со документација се доставува до Архивата на Општина Делчево, по пошта или во електронска форма.

Актуелности

# Делчево одбележа годишнина од раѓањето на револуционерот Делчев



Општина Делчево со пригодна свеченост ја одбележа 149-годишнината од раѓањето на Гоце Делчев, идеолог, организатор и водач на македонското револуционерно ослободително движење кон крајот на XIX и почетокот на XX век.
По тој повод, за животот и делото на Гоце Делчев реферат подготвија членови на КУД „Гоце Делчев“, а пред споменикот на Делчев во центарот на градот, се поклонија и свежо цвеќе положија: делегација од Општина Делчево, претставници од Советот на Општина Делчево, претставници од институциите, политички партии, здруженија на граѓани.
Делчев е роден на 4 февруари 1872 година во Кукуш, во семејството на Султана и Никола. Се школувал во гимназијата во Солун и на Воената академија во Софија. Учителствувал во Штип, а како член на Централниот комитет на ТМОРО работел на создавање мрежа на Организацијата. По убиството, неговите посмртни останки до 1917 година се чувале во Баница, по што биле пренесени во Ксанти, а потоа во Софија. До 1923 година, ковчегот со коските се чувал во домот на Михаил Чаков. Останките на Делчев на 11 октомври 1946 година биле пренесени во црквата „Свети Спас“ во Скопје.
Инаку, градот Делчево го носи името на великанот Делчев од 1950 година, кога со Одлука на Президиумот, тогашно Царево Село е преименувано по името на револуционерот Гоце Делчев.

# Делчево одбележа 77 години од Февруарскиот поход



Со пригодна свеченост Делчево одбележа 77 години од успешното изведување на Февруарскиот поход кој имал големо политичко и воено значење за текот на НОВ во Македонија.
По тој повод делегација од Општина Делчево, предводена од градоначалникот Горан Трајковски, делегација од Советот на Општина Делчево, предводена од претседателот на Советот, Драган Маневски, претставници од политички партии, институции, здруженија на граѓани се поклонија и свежо цвеќе положија пред спомен-обележјето поставено во чест на Февруарскиот поход на планината Голак.
Членови од КУД „Гоце Делчев“ преку рецитал потсетија на историските факти кои го одбележаа овој стратешки поход изведен во 1944 г. и борбените операции на Третата борбена единица во регионот на Голак, Беласица, Плачковица и Осогово.
Поради ковид-пандемијата, годинава не се организираше традиционалниот планинарски марш.

# ООУ „Ванчо Прке“ ќе изработува училишен електронски весник

Актуелности

Оваа учебна 2020/2021 година ООУ „Ванчо Прке“ ќе подготвува училишен електронски весник насловен „Заедно во ова време – невреме“. Подготовката на весникот е во рамките на проектот поддржан од Министерството за образование и наука кој придонесува за развој и унапредување на мултикултурализмот /интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција и со партнерство со ООУ „Живко Брајковски“ од населбата Бутел во Скопје

Маријана Стоименовска, заменик-директор во ООУ „Ванчо Прке“ истакна дека трета година по ред училиштето го добива овој проект, со што се реализираат низа активности кои се во насока на унапредување на мултикултуризмот и меѓуетничката толеранција.

- Оваа учебна 2020/2021 година нашата цел е да направиме училишен електронски весник насловен како „Заедно во ова време – невреме“, со можност, ако помине оваа пандемија да го продолжиме весникот само со насловот „Заедно...“ со можност да се дружиме и да биде отпечатен на двата јазика (македонски и албански јазик) на кои се изведува наставата. Средствата од добиениот грант ќе овозможат да се набави камера која ќе им користи на учениците да снимаат разни настани и да развиваат интерес за новинарската професија, како и електронски уред за следење на онлајн- наставата. Претходните години преку овој проект се набави црнобел мултифункциски принтер, истакна Стоименовска.

Таа додаде дека грантот се доделува за потребите на училиштето со кое секоја година разменуваат содржини за дадени теми.

- Како што се „Врсничко насилство“ (превенција, заштита и активности), Мултиетничка културно уметничка програма која ја организиравме со посета и дружење во двете партнер училишта. Заедно се запознавме со значајните мултикултурни, фолклорни, образовни и други меѓуетнички традиции и особености. Учениците другаруваа и ги продолжија своите комуникации преку електронските мрежи, учејќи еден за друг повеќе, за семејството, нивните обичаи, забави и знаења за разни сфери на нивното живеење, култура и традиции од различни етникуми, истакна Стојменовска.

Активностите ќе бидат реализирани во соработка со училиштето ООУ „Живко Брајковски“, Советот на родители, тим од наставници, како и секциите во училиштето по одделни наставни предмети. Времето и динамиката на реализација на програмските и други вонаставни содржини ќе се реализираат според даден распоред по предмети и фази планирани според распоредот на активностите од годишната програма на училиштето.

Култура

# Одбележан Денот на мајчиниот јазик



По повод Денот на мајчиниот јазик, 21 Февруари, во организација на ЈЛБ „Илинден“ се одржа свеченост на која беа доделени и наградите од Конкурсот за поезија и проза „Јазикот е мојата татковина“. На свеченоста присуствуваа ученици, професори од двете основни училишта, како и учесници на Конкурсот кој побуди голем интерес кај учениците. Настанот беше конципиран, така што се славеше мајчиниот македонски јазик, се читаа творби, но имаше и интересна презентација на тема „Мајчин јазик“, подготвена од Леонтина Вирчанска, ученичка во ООУ „Ванчо Прке“.

Директорката на ЈЛБ „Илинден“, Билјана Петровска по повод одбележувањето на Денот на мајчиниот јазик ја потенцираше улогата на младите за сочувување и негување на мајчиниот јазик со сите посебности и специфики.

- Јазикот е нашето најголемо духовно културно наследство и ние мора да го чуваме како нешто најсвето, зашто нашите предци во мошне тешки и неповолни историски околности се изборија за правото на употреба на својот јазик, за докажување на неговата посебност. Младите генерации, учениците, треба да се запознаваат уште од мали нозе со историјата и значењето на македонскиот јазик. Јазикот е најголемо културно наследство и треба да се развива свеста кај младите генерации за негово зачувување, рече Петровска.

Од пристигнатите творби на Конкурсот наградени се по три творби со поезија и три со проза. Награди добија: за прозна творба Андреа Димитровска, ментор-Веска Спасевска, Ангела Цацовска, ментор –Валентина Даневска ПУ Разловци и Анастасија Димитровска, ментор Даниела Сумрачка; за поетска творба: Ева Ивановска- ментор Весна Ивановска, Сара Ангелова, ментор Милка Стоилкова, Андреа Мирчевска, ментор-Цветанка Петровска, Елена Алексова, ментор-Милка Стоилкова, Кети Цацовска, ментор Валентина Даневска ПУ Разловци и Стефанија Тодоровска, ментор Габриела Димитровска.

## Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk

**Издава: Општина Делчево**

**Уредник: Даниела Такева**

**Техничка обработка: Влатко Мицевски**

**Соработник: Благица Петровска**

**Фотографија: Општина Делчево**

**Лектор: Даниела Такева**

**Инфо Делчево на web:**
**delcevo.gov.mk**